Прилог 5. Применета методологија во оценката на предлог-законот

Основната цел на овој документ е да даде оценка на одредбите од предлог-Законот за здруженија и фондации. За поедноставно следење, оценката се однесува на секој член поединечно, и опфаќа:

1. Општа оценка на одредбите, вклучително и очекувано подобрување;
2. Потребни промени кои вклучуваат предлози на промените односно амандмани, образложение за истите и приоритети.

Општата оценка е со цел да се даде јасен впечаток во однос на унапредувањето на првата и слободите, и јасноста и применливоста на одредбите. Споредбата е направена во однос на постоечкиот ЗЗГФ, и меѓународни стандарди каде што постојат.

Оценка	Опис на оценка
Многу добри одредби	Подобрување на законот (во однос на постоечкиот и примена на меѓународни стандарди и искуства). Јасни и применливи одредби
Добри одредби	Подобрувања на законот. Не доволно јасни и применливи одредби. Задржани права и слободи. Јасни и применливи одредби
Задоволителни одредби	Задржани права и слободи, но не доволно јасни и применливи одредби.
Незадоволителни одредби	Уназадување на правата и слободите

Очекуваното подобрување е подетално објаснување на општата оценка, доколку таа е задоволителна, кое се состои од седум општи категории. Соодветно, каде што има потреба содржани се и дополнителни информации.

Очекуваните подобрувања се квалификувани како:

1. Постоечки или стандардни одредби – одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ или законодавство;
2. Појаснување на одредби засновани на постоечкиот ЗЗГФ;
3. Проширување на слободата на здружување;
4. Намалување на товар и пречки за остварување на слободата на здружување;
5. Придонес кон доброто управување;
6. Зголемена транспарентност;
7. Подобрена одржливост/мерки за генерирање ресурси.

Потребните промени содржат предлог амандмани и образложение на истите, додека **приоритетите** се категоризирани како високи или умерени. Одредбите кои што се високо приоретизирани е неопходно да претрпат промени, кои се однесуваат на подобрување или појаснување на одредбите. За промените кои што се определени како умерени препорачливо е да се прифатат, но не е и неопходно.